# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**850.**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА МАЛО

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоките цени во трговијата на мало на леб бел и полубел (сечен на парчиња или цел).

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат во висина на цена која изнесува 33 денари по леб со тежина која изнесува 450 грама и повеќе, а со тежина под 450 грама, се утврдува во висина до 33 денари по леб, која цена ќе биде во сооднос со тежината на лебот.

Член 2

Највисоките цени на производите од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат до 31 мај 2023 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2341/3
28 февруари 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски**, с.р.

**851.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), а во врска со член 14 став (5) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКА ВО УСЛОВИ НА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.232/22 и 247/22).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2343/3
28 февруари 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски**, с.р.

**852.**

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2023 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/23, направена е техничка грешка, поради што се дава

## И С П Р А В К А
## НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ПРОДАЖБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНБЕНИОТ ПРОСТОР ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

Составен дел на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2023 година е и Прилог 2.

Бр. 41-854/9
28 февруари 2023 година
Скопје

Од Владата на Република
Северна Македонија